**УЖВМ-2.бр.9/2021**

ВИШИОТ УПРАВЕН СУД, во совет составен од судиите: Владанка Панчурова Сулејманова - претседател на советот и судиите Фани Илиевска и Дијана Димитрова - членови на советот, со записничар Билјана Тодоровска - судски соработник, одлучувајќи по жалбата на тужителот Друштво за трговија и услуги МАКРО УНИОН ДООЕЛ Скопје, поднесено преку полномошник Адвокатско друштво Богданов и Богданов од Скопје, изјавена против Решението на Управниот суд У-5.бр.1049/2021 од 24.08.2021 година, за времена мерка, на седницата на советот одржана на ден 03.11.2021 година, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

Жалбата на тужителот Друштво за трговија и услуги МАКРО УНИОН ДООЕЛ Скопје, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

Решението на Управниот суд У-5.бр.1049/2021 од 24.08.2021 година СЕ ПОТВРДУВА.

О б р а з л о ж е н и е

Управниот суд со Решение У-5.бр.1049/2021 од 24.08.2021 година, го одбил како неосновано Барањето на тужителот Друштво за трговија и услуги МАКРО УНИОН ДООЕЛ Скопје за донесување на времена мерка за одлагање од извршување на Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.08-551/13 од 10.06.2021 година, до правосилно завршување на управниот спор. Барањето на полномошникот на тужителот за надомест на трошоците на постапката по барањето за времена мерка Управниот суд го одбил како неосновано.

Против решението на Управниот суд жалба изјави тужителот преку полномошник поради суштествени повреди на одредбите на постапката, погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба и погрешна примена на материјалното право и на Вишиот управен суд му предлага да ја уважи жалбата на тужителот, да се укине обжаленото решение и да се врати предметот на повторно судење и одлучување на првостепениот суд.

Вишиот управен суд по извршениот увид во списите на предметот, обжаленото решение и по извршената оцена на наводите во жалбата во смисла на член 79 став 1, а во врска со член 71 став 3 од Законот за управните спорови најде:

Жалбата е неоснована.

Во конкретниот случај тужителот Друштво за трговија и услуги МАКРО УНИОН ДООЕЛ Скопје, на 09.07.2021 година поднел тужба до Управниот суд за поведување на управен спор, против Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.08-551/13 од 10.06.2021 година, а со кое решение жалбата на тужителот Друштво за трговија и услуги МАКРО УНИОН ДООЕЛ Скопје, изјавена против Одлуката за избор на најповолна понуда бр.18.1-39853/1 од 22.04.2021, донесена по Оглас за јавна набавка со поедноставна отворена постапка бр.03991/2021 за набавка на стоки-виндијакни на договорниот орган Министерство за внатрешни работи, се одбива поради неоснованост.

Тужбата во Управниот суд е заведена под У-5.бр.1050/2021.

Кон тужбата тужителот Друштво за трговија и услуги МАКРО УНИОН ДООЕЛ Скопје поднел и Барање за донесување на времена мерка, со кое бара да се одложи извршувањето на Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.08-551/13 од 10.06.2021 година, до правосилно завршување на управниот спор, согласно членот 29 став 5 од Законот за управните спорови, од причини што смета дека постои бојазност до правосилно завршување на спорот, избраниот економски оператор ДОНА-М, да започне со трошење на средствата кои се доделени од Буџетот на РСМ, а со тоа да причинат поголема штета на државата, а со тоа да се стори ненадоместлива штета.

Управниот суд одржал јавна расправа и донел Решение У-5.бр.1049/2021 од 24.08.2021 година со кое го одбил како неосновано Барањето на тужителот Друштво за трговија и услуги МАКРО УНИОН ДООЕЛ Скопје за донесување на времена мерка за одлагање од извршување на Решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.08-551/13 од 10.06.2021 година, до правосилно завршување на управниот спор. Барањето на полномошникот на тужителот за надомест на трошоците на постапката по барањето за времена мерка Управниот суд го одбил како неосновано.

Вишиот управен суд најде дека решението на Управниот суд е правилно и законито.

Согласно член 28 ставови 1 и 2 од Законот за управните спорови („Службен весник на РМ" бр.96/2019), тужбата по правило не го спречува извршувањето на актот против кој е поднесена, освен ако со закон поинаку не е уредено, додека по барање на тужителот, кога извршувањето на актот би му нанело штета која тешко би можела да се поправи, а одлагањето на извршувањето не му е спротивно на јавниот интерес, ниту со одлагањето би и се нанела поголема ненадоместлива штета на спротивната странка, судот може да го одложи извршувањето.

Согласно член 29 став 1 од Законот за управните спорови („Службен весник на Република Македонија“ бр.96/2019) судот може да издаде времена мерка на барање на странката, доколку тоа е потребно за да се избегне сериозна и неотстранлива штета. Според став 2 од истиот член, судот одлучува за времените мерки со решение. Согласно став 3 од истиот член, против решението за времена мерка дозволена е жалба. Според став 4 од истиот член, тужбата, со барањето за издавање на времена мерка не го спречува извршувањето на актот против кој е поднесена, освен ако со закон не е поинаку уредено. Согласно став 5 од истиот член, на барање на тужителот, судот ќе го одложи извршувањето на оспорениот акт до донесувањето на правосилна одлука, доколку со извршувањето на актот би му се причинила на тужителот штета која тешко може да се надомести. При одлучувањето судот мора во согласност со начелото на пропорционалност, да го земе предвид јавниот интерес како и интересот на тужителот и заинтересираните лица. Според став 6 од истиот член, тужителот поради причините наведени во став 5 на овој член може да бара и донесување на времени мерки за времено регулирање на состојбата во врска со спорниот правен однос, доколку се докаже веројатноста за таквата потреба, особено во постојните правни односи. Согласно став 7 од истиот член, за донесување на времената мерка од ставот 6 на овој член судот одлучува во совет. Според став 8 од истиот член, судот одлучува по предметот за донесување на времена мерка во рок од седум дена од приемот на барањето со решение кое треба да биде образложено. Судот може донесувањето на времената мерка да го услови со давање на гаранција за штетата која со нејзиното изрекување би можела да настане за спротивната страна. Согласно став 9 од истиот член, против решението од став 8 на овој член, странката може во рок од три дена да поднесе жалба до Вишиот управен суд. Вишиот управен суд одлучува по жалбата во рок не подолг од 15 дена од денот на нејзиниот прием.

Имајќи ги во предвид цитираните законски одредби Вишиот управен суд најде дека Управниот суд со обжаленото решение правилно сметал дека во конкретниот случај не биле кумулативно исполнети условите предвидени во одредбата од член 29 став 5 и став 6 од Законот за управните спорови за да може Управниот суд да издаде времена мерка со која ќе го одложи од извршување управниот акт кој бил предмет на управниот спор.

По мислење на Вишиот управен суд правилно е наоѓањето на Управниот суд дека тужителот кон барањето за времена мерка не доставил докази врз основа на кои би можела да се утврди основаноста и оправданоста на барањето за времена мерка, односно не доставил докази дека со извршувањето на актот би претрпел ненадоместлива штета, ниту пак сторил веројатно дека донесувањето на времена мерка не би било спротивно на јавниот интерес во смисла на одредбата од член 29 став 1 и став 5 од Законот за управните спорови.

Вишиот управен суд при одлучувањето ги имаше во предвид жалбените наводи на тужителот дека се сторени суштествени повреди на одредбите на постапката и дека на тужителот со извршувањето на актот ќе му се нанесе штета која тешко може да се поправи. Судот смета дека овие наводи не се основ за поинакво одлучување од страна на овој суд од причини што во постапката по барањето за определување на времена мерка која е итна, Управниот суд ценел дали се исполнети условите предвидени во член 29 став 5 од Законот за управните спорови и правилно заклучил дека истите не се кумулативно исполнети.

Вишиот управен суд имајќи го во предвид горе наведеното, донесе решение како во изреката согласно член 29 став 9, а во врска член 71 став 3 и член 80 став 1 од Законот за управните спорови.

Решено во Виш управен суд на ден 03.11.2021 година под УЖВМ-2.бр.9/2021.

Записничар - судски соработник
Билјана Тодоровска

Претседател на совет - Судија
Владанка Панчурова Сулејманова

/ИК

Согласноста на преписот со изворникот ја потврдува
Судски службеник